РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-1967/4
12.05.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 16. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 5.5.2026 година

**Членови на Советот на Агенцијата:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, м-р Гордана Мајнова, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски и Виктор Павловски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** /

На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Ивана Стојановска, Магдалена Давидовска-Довлева, Емилија Јаневска, Цветанка Митревска, Весна Симоновска, Маја Дамевска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни:** /

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, ја отвори 15. седница на Советот. Седницата почна во 11:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска.

Предложи точката под Разно од Дневниот ред, со наслов „Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот Тотал ТВ ДОО Скопје, за прекршување на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, да биде разгледана како Точка 3, додека останатите точки соодветно да се пренумерираат, односно да се поместат за едно место нанапред.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот коригиран:

### Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 15 седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.4.2026 година.
2. Разгледување на кварталните извештаи за работата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за периодот од 1 јануари до 31 март 2026 година.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот Тотал ТВ ДОО Скопје, за прекршување на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

4. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – стока: хардвер за систем за мониторирање на платено политичко рекламирање.
5. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и со 6 гласа „за“ и еден „воздржан“ од Петар Џуровски го усвои предложениот Записник од 15. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 27.4.2026 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Драгица Љубевска, посочи дека во периодот од 1 јануари до 31 март 2026 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги реализираше повеќе активности во рамки на своите законски надлежности. На почетокот на годината продолжи мониторингот на платеното политичко рекламирање на седум телевизии и две радија во врска со повторните локални избори, при што беше следен и изборниот молк. Извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање беше доставен до Државната изборна комисија во законски утврдениот рок. До ТВ Компани 21-М беше упатено укажување поради неисполнување на обврските од Изборниот законик во делот на обезбедување пристапни содржини за изборниот процес. Во извештајниот период беа реализирани програмски и административни надзори врз Наша ТВ, ТВ 24 Вести, ТВ Компани 21-М и ТВ Шења. Кај ТВ Компани 21-М беа констатирани прекршувања во однос на заштитата на малолетната публика, правилата за пласирање производи и обврската за објавување импресум. Контролен програмски надзор беше спроведен врз Радио Модеа, при што е утврдено дека радиодифузерот го отстранил претходно констатираното прекршување поврзано со комерцијалните комуникации. Дополнително, по службена должност беше спроведен вонреден надзор врз детската музичка програма – фестивалот „Билбилите на Кораб“, емитуван на МРТ2 на 28.4.2026 година, при што беше констатирано прекршување на одредбите од член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во првиот квартал беа спроведени вкупно 23 редовни надзори врз операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, при што не беа утврдени прекршувања. Надзори за исполнување на минималните кадровски услови беа извршени кај ТВ Плус, ТВ Едо, ТВ Сонце и Наша ТВ. Во таа насока, дозволата на ТВ Сонце беше одземена, додека ТВ Едо и Наша ТВ доставија соодветна документација со која го потврдија исполнувањето на условите, поради што постапките за одземање на дозволите не беа покренати. Агенцијата реализираше три редовни административни надзори над издавачи на печатени медиуми и шест надзори над онлајн медиуми – интернет портали, во однос на обврската за објавување импресум. Прекршувања беа констатирани кај четири издавачи на медиуми. Во делот на сопственичката структура, беше одобрена промена кај Радио Ват, додека за ТВ Шутел беше донесен Заклучок

дека претходно донесената Одлука не произведува правно дејство, поради неспроведување на промената во Централниот регистар во законски утврдениот рок.

Со цел унапредување на транспарентноста, на веб-страницата на Агенцијата беше поставен посебен банер со податоци за сопственичката структура на телевизиите, радијата, печатените и онлајн медиумите. Во овој период, на два радиодифузери им беа продолжени дозволите за период од девет години. Дополнително, издавачите на онлајн медиуми беа потсетени на обврската за усогласување на главната приходна шифра со соодветните издавачки дејности, со цел задржување на статусот во Регистарот на издавачи на онлајн медиуми. Во текот на извештајниот период, Агенцијата издаде вкупно 74 потврди за регистрација на програмски пакети. Беа изработени анализа на медиумскиот пазар во Македонија, како и истражување на мислењето на публиката. На 30 март беше одржан првиот јавен состанок на Агенцијата за 2026 година. Во однос на комуникацијата со јавноста, беа објавени повеќе соопштенија, кои се однесуваа на обврската за регистрација на инфлуенсери, на јавните напади од страна на политичари и носители на јавни функции кон новинари и медиуми, како и на непристоен однос на новинар кон министерската за образование и наука. Претставници на Агенцијата учествуваа на повеќе вебинари, работилници и настани од областа на аудиовизуелните медиумски услуги, за што подетални информации се содржани во доставениот материјал. Во изминатиот квартал беа спроведени и неколку внатрешни ревизии. Во однос на изречените мерки, донесени се вкупно три јавни опомени – две за радиодифузери и една за издавач на печатен медиум.

**Точка 3**

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, појасни дека при извршениот надзор кај операторот Тотал ТВ ДОО Скопје е констатирано реемитување на неколку програмски сервиси за кои не е добиено одобрение, односно истите не се опфатени со потврдата за реемитување на домашни и странски програмски сервиси. Имајќи предвид дека станува збор за прво констатирано прекршување во тековната година, предложи на операторот да му се изрече мерка јавна опомена, како и да му се наложи веднаш да ги исклучи програмските сервиси за кои не поседува соодветна потврда од Агенцијата, по што ќе се спроведе контролен надзор.

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, праша дали операторот бил претходно предупреден, писмено или усмено, за констатираното прекршување.

Директорот Трајчевски појасни дека извештајот од извршениот надзор се објавува на веб-страницата на Агенцијата, а по донесувањето на мерката јавна опомена од страна на Советот, операторот дополнително ќе биде и писмено известен.

Советничката м-р Гордана Мајнова праша дали станува збор за три програмски сервиси.

Директорот Трајчевски појасни дека се работи за вкупно четири програмски сервиси, од кои еден домашен и три странски.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-1969/1 од 30.4.2026 година и едногласно заклучи на Друштвото за трговија и услуги Тотал ТВ ДОО Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 став 13 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од

Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-4241/1 од 1.10.2025 година му наложи веднаш по приемот на Решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

Со надзорот беше констатирано дека Друштвото за трговија и услуги Тотал ТВ ДОО Скопје, кој според нотификацијата од АЕК може да врши дејност на територијата на РСМ, на ден 27.4.2026 година, за своите корисници ги реемитувал програмските сервиси „ТВ Алфа“, „Happy TV“, „Animal Planet“ и „Travel“, кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата, што е спротивно на член 141 став 13 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот оператор.

Секторот за стратешко планирање и авторски права по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (операторот) постапил по изречената мерка.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки, Цветанка Митревска, појасни дека станува збор за јавна набавка предвидена во Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата за 2026 година, за која средствата се обезбедени во Финансискиот план за 2026 година. Согласно проценетата вредност наведена во доставените материјали, постапката ќе се спроведе како отворена постапка, во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки, а ќе започне со објавување на огласот во електронскиот систем за јавни набавки и во „Службен весник на Република Северна Македонија“. Појасни дека потребата од спроведување на набавката произлегува од неопходноста да се обезбедат технички предуслови за ставање во функција на системот за мониторирање на платеното политичко рекламирање, кој претставува донација од Меѓународната фондација за изборни системи (IFES), при што набавката се однесува на специјализирано софтверско решение, согласно техничката спецификација содржана во материјалите.

Претседателот на Советот, м-р Сашо Стефановски, постави прашање дали софтверот е целосна донација за Агенцијата, односно дали е потребно Агенцијата да обезбеди хардвер.

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, појасни дека софтверот е донација, но дека Агенцијата има обврска да обезбеди соодветни технички услови, односно хардвер, за негова имплементација. Дополнително информираше дека набавката требало да биде објавена претходно, но поради зголемување на цените на пазарот истата била одложена. Посочи дека постои неизвесност во однос на реализацијата во рамките на планираните средства и дека, доколку не се реализира, ќе биде потребно изменување на Финансискиот план за 2026 година и обезбедување дополнителни средства. Во однос на роковите, директорот појасни дека софтверот ќе биде доставен во текот на месец мај, по што започнува да тече гарантниот период од 12 месеци, обезбеден од донаторот. Нагласи дека доколку во тој период не се обезбеди

потребниот хардвер, Агенцијата нема да може да го инсталира и тестира софтверот, ниту да го искористи периодот на одржување покриен од донаторот.

Заменик-претседателката на Советот, м-р Зирјета Јајага, постави прашања во однос на извршена анализа за оптимизација на постојните ресурси, како и за оправданоста на временската динамика на набавката, имајќи предвид дека во тековната година не се очекуваат избори.

Директорот Трајчевски појасни дека постојниот систем не ги исполнува техничките предуслови за инсталација на донираниот софтвер, поради што е неопходна набавка на соодветен хардвер. Истакна дека реализацијата на набавката не е директно условена од одржување на избори, туку од потребата софтверот да се стави во функција и да се тестира во рамки на гарантниот период.

Советничката Цветанка Миновска постави прашање во однос на финансиските бенефити од набавката, како и можноста за обезбедување донација и за хардверот.

Директорот појасни дека прашањето на заменик-претседателката се однесувало на „cost-benefit" анализа, а не на директни финансиски бенефити, и изрази сомнеж во можноста за обезбедување донација за хардвер, имајќи предвид дека таквите процеси се долготрајни и неизвесни. Дополнително нагласи дека набавката е веќе предвидена во усвоените плански документи на Агенцијата. Во однос на придобивките, истакна дека софтверот ќе овозможи автоматизирана обработка на платеното политичко рекламирање, со значително олеснување на работата и минимизирање на можноста за грешки.

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, Драгица Љубевска, дополнително појасни дека во иницијалната фаза било разгледувано обезбедување донација и за хардверот, но тоа не било прифатено од донаторот, имајќи предвид буџетските ограничувања и практиката на кофинансирање, согласно која примателот на донацијата учествува со сопствени средства.

Советот на Агенцијата со 6 гласа „за" и еден „воздржан" од Зирјета Јајага даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - стока: хардвер за мониторирање на платено политичко рекламирање.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот - стока: хардвер за мониторирање на платено политичко рекламирање, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2026 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.05-869/1 од 4.3.2026 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026 година.

**Точка Разно**

Советничката Гордана Мајнова постави прашање во врска со текот на постапката за измена на систематизацијата во Агенцијата, односно дали е формирана работна група или комисија и дали е предвидено учество на член од Советот во нејзината работа.

Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, појасни дека формална комисија не е формирана, туку во процесот активно учествуваат раководителите на

секторите, кои досега одржале повеќе работни состаноци. Посочи дека се очекува во рок од околу еден месец да биде изготвен нацрт на систематизацијата, кој најнапред неформално ќе им биде доставен на членовите на Советот за разгледување. По тоа, материјалот ќе биде предмет на официјално разгледување на седница на Советот, најверојатно во текот на јули или септември.

Во однос на можноста за вклучување на членовите на Советот, директорот истакна дека нивниот придонес ќе биде особено значаен во фазата кога ќе постои конкретен нацрт-документ, по што ќе може да се отвори суштинска дискусија и да се дадат конкретни предлози и сугестии.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**